| 463 | Трансфери до невладини организации | 100.000 | 72.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 72.400 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **KA0** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **5.502.000** | **4.730.124** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.502.000** | **4.730.124** |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.262.000** | **3.691.964** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.262.000** | **3.691.964** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 50.000 | 41.301 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 41.301 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 94.000 | 59.012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 94.000 | 59.012 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.000.000 | 2.485.080 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 2.485.080 |
| 425 | Договорни услуги | 988.000 | 981.590 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 988.000 | 981.590 |
| 426 | Други тековни расходи | 130.000 | 124.981 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 124.981 |
| ***46*** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **1.240.000** | **1.038.160** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.240.000** | **1.038.160** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1.240.000 | 1.038.160 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.240.000 | 1.038.160 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **LA0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | **6.000.000** | **2.150.862** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.000.000** | **2.150.862** |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **6.000.000** | **2.150.862** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.000.000** | **2.150.862** |
| 482 | Други градежни објекти | 6.000.000 | 2.150.862 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.000.000 | 2.150.862 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **4.843.000** | **2.671.483** | **1.841.281** | **1.297.718** | **128.176.264** | **124.108.234** | **0** | **0** | **0** | **0** | **134.860.545** | **128.077.435** |
| ***40*** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **104.832.015** | **104.160.533** | **0** | **0** | **0** | **0** | **104.832.015** | **104.160.533** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 76.414.876 | 76.030.026 | 0 | 0 | 0 | 0 | 76.414.876 | 76.030.026 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 28.417.139 | 28.130.507 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28.417.139 | 28.130.507 |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.343.000** | **1.171.483** | **1.604.006** | **1.090.443** | **22.250.249** | **19.161.034** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.197.255** | **21.422.960** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 142.571 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 142.571 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.843.000 | 87.360 | 0 | 0 | 15.247.862 | 12.749.523 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.090.862 | 12.836.883 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 785.484 | 490.059 | 2.417.684 | 2.219.083 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.203.168 | 2.709.142 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.500.000 | 1.084.123 | 2.019 | 2.019 | 1.856.009 | 1.717.844 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.358.028 | 2.803.986 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 794.503 | 592.946 | 2.054.933 | 1.920.691 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.849.436 | 2.513.637 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 22.000 | 5.419 | 483.761 | 411.322 | 0 | 0 | 0 | 0 | 505.761 | 416.741 |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.500.000** | **1.500.000** | **237.275** | **207.275** | **1.094.000** | **786.667** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.831.275** | **2.493.942** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 237.275 | 207.275 | 482.500 | 386.313 | 0 | 0 | 0 | 0 | 719.775 | 593.588 |
| 481 | Градежни објекти | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.500.000 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 481.500 | 340.354 | 0 | 0 | 0 | 0 | 481.500 | 340.354 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 60.000 |

| Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | **360.000** | **232.266** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **360.000** | **232.266** |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **360.000** | **232.266** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **360.000** | **232.266** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 10.000 | 8.069 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 8.069 |
| 425 | Договорни услуги | 300.000 | 194.297 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 194.297 |
| 426 | Други тековни расходи | 50.000 | 29.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 29.900 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **4.150.000** | **2.765.266** | **14.685.238** | **12.647.000** | **32.705.240** | **32.041.473** | **3.957.000** | **0** | **0** | **0** | **55.497.478** | **47.453.739** |
| ***40*** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **26.033.882** | **26.007.238** | **0** | **0** | **0** | **0** | **26.033.882** | **26.007.238** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.975.676 | 18.958.598 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.975.676 | 18.958.598 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.058.206 | 7.048.640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.058.206 | 7.048.640 |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.750.000** | **371.266** | **12.665.238** | **11.028.515** | **6.231.118** | **5.593.995** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.646.356** | **16.993.776** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 40.000 | 35.280 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 35.280 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.450.000 | 371.266 | 280.000 | 274.028 | 4.264.168 | 3.627.045 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.994.168 | 4.272.339 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 10.090.238 | 9.179.206 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.090.238 | 9.179.206 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 300.000 | 0 | 1.635.000 | 1.133.194 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.935.000 | 1.133.194 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 500.000 | 300.741 | 1.966.950 | 1.966.950 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.466.950 | 2.267.691 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 120.000 | 106.066 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 | 106.066 |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.400.000** | **2.394.000** | **2.020.000** | **1.618.485** | **440.240** | **440.240** | **3.957.000** | **0** | **0** | **0** | **8.817.240** | **4.452.725** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 800.000 | 772.272 | 440.240 | 440.240 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.240.240 | 1.212.512 |
| 481 | Градежни објекти | 2.400.000 | 2.394.000 | 1.220.000 | 846.213 | 0 | 0 | 3.957.000 | 0 | 0 | 0 | 7.577.000 | 3.240.213 |

| Кат.<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |

**Член 3**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Ѓорче Петров на 31.12.2014 година претставува збир од суфицитот од тековната 2014 година и претходните години (19.956.609,00)

| | | |
|---|---|---|
| **-Салдо на 31-12-2014** | **19.956.609,00** | **денари** |
| Салдо на основен буџет (630) | 13.288.317,00 | денари |
| Салдо буџет дотации (930) | 4.731.797,00 | денари |
| Салдо буџет самофинасирачки активности(787) | 1.936.495,00 | денари |
| Салдо на сметка кредити (786) | 0,00 | денар |

Салдата на секоја сметка поединечно се пренесуваат во наредната 2015 година и се депозитни средства.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2014 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2014 година ќе се објави во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08- 606/8**
**10.03. 2015 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Годишен финансов извештај на**
**Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Годишниот финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Триесет и втората Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 10.03.2015 година.

**Број 09-673/7**
**Од 10.03.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 61/04) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Сл. гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 32-та седница одржана на 10.03.2015 година, донесе

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА

## 1. Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општина Ѓорче Петров

Број на жители по попис од 2002 година : 41.680
Површина: 67 км2
Населени места(6): Ново Село; Волково; Орман; Кучково; Никиштани и Грачани

#### 1.1.1 Опис на економските параметри на општината:

Според пописот на население од 2002 година, Општина Ѓорче Петров брои:

11.845 домаќинства,
13.896 станови
988 деловни субјекти од кои
424 се активни

Според податоците добиени од даночната администрација на Град Скопје, пријавени обврзници за данок на имот има **13.690** (во 2013 биле 13.419) од кои 13.578 се физички лица (во 2013 г. биле 13.318) и 112 правно лице ( во 2013 г. биле 101), што значи споредено со податоците од пописот се гледа дека **206 станови сеуште не се пријавени** или пак, се наоѓаат во евиденција на друга општина. Овде треба да се истакне дека во текот на 2014 година, имаме новопријавени или новооткриени и евидентирани обврзници 271, во однос на 2013 година, од кои 260 физички лица и 11 правни субјекти. Со поднесените барања за легализација на бесправно изградени објекти се врши контрола на истите дали се внесени во даночната евиденција. На тие што ги нема во даночна евиденција им се праќаат опомени, а кај тие што се утврдува разлика во квадратурата се доооданочуваат.

Покрај тоа што веќе неколку години континуирано се работи на расчистување на базата на податоци, сеуште во вкупниот број на решенија има случаи кога за иста адреса - стан се појавуваат по две, па дури и по три решенија, што значи при продажба на становите во обврзници за данок на имот останат е и стариот, а воведен е и новиот сопственик. При откривање на ваквите случаи се брише стариот обврзник.

Во општината постојат околу 20 поголеми деловни субјекти и занаетчиско услужни дејности кои се распоредени во различни гранки:

- Градежна индустрија;
- Прехрамбено преработувачка индустрија;
- Текстилна индустрија;
- Хемиска индустрија;
- Пекарско-занаетчиски дејности;
- Сервиси; услужни дејности ( дуќани, сендвичари, ресторани и сл.)
- Филијали на неколку банки ( Комерцијална - две филијали, Стопанска, Охридска, НЛБ Тутунска, Прокредит банка, Шпаркасе банка, Халк банка и Уни банка);
- Здравствени установи;

Според евиденцијата што ја добиваме од градската даночна администрација како обврзници за комунална такса **за фирмарина** се евидентирани 2.848 субјекти (во 2013 година биле 2.835) за кои што се издаваат решенија со вкупен облог од 18.273.400,00 ден. (во 2013 г. бил 18.086.600,00 ден.) од кои за фирми со седиште во Општина Ѓорче Петров облогот е 16.949.400,00 ден. (во 2013 г. бил 16.722.100,00 ден.), а само на деловни единици, продавници, експозитури и слично облогот е 1.324.000,00 ден. (во 2013 г. бил 1.364.500,00 ден.).

Во Општината има и институционални објекти:

- Поликлиника со амбуланти во Дексион и Волково;
- Геронтолошки завод;
- Полициска станица;
- Касарна на единиците за брза интервенција;
- Една градинка со пет клона;
- Шест основни училишта со осум објекти, т.е. две подрачни;
- Едно средно училиште – Гимназија;
- Две спортски сали;
- Стадион за спортски натпревари со помошно фудбалско игралиште;
- Цркви, манастири и др.

## 1.2. Буџет, Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Ѓорче Петров и Одлуката за извршување на буџетот за 2014, Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на својата 14-та Седница одржана на 18.12.2013 година. Во текот на 2014 година се извршени 2 (два) Ребаланси на Буџетот и тоа на 09.07.2014 година и на 12.11.2014 година.

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

| | | Опис на сметките | Основен буџет **2013** | | Основен буџет **2014** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **222.329.550** | **173.963.449** | **231.241.600** | **143.139.980** |
| **71** | | **Даночни приходи** | **149.436.550** | **94.329.614** | **155.265.000** | **89.904.777** |
| | 711 | Данок од доход, добивка и капитални доб. | 6.878.000 | 6.879.493 | 8.050.000 | 7.439.012 |
| | 713 | Данок на имот | 51.750.000 | 38.472.477 | 47.005.500 | 42.968.064 |
| | 717 | Даноци од специфични услуги | 90.658.550 | 48.885.172 | 100.059.500 | 39.491.701 |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 150.000 | 92.472 | 150.000 | 6.000 |
| **72** | | **Неданочни приходи** | **15.300.000** | **14.761.847** | **10.910.000** | **9.362.278** |
| | 722 | Такси и надоместоци | 1.000.000 | 657.094 | 1.010.000 | 786.705 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 1.600.000 | 1.657.366 | 1.800.000 | 1.315.345 |
| | 724 | Други владини услуги | 200.000 | 142.635 | 100.000 | 0 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 12.500.000 | 12.304.752 | 8.000.000 | 7.260.228 |
| **73** | | **Капитални приходи** | **40.871.000** | **42.817.164** | **32.465.000** | **27.163.057** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 20.000 | 18.600 | 30.000 | 28.900 |
| | 733 | Продажба на земј.и нематер.вложувања | 40.851.000 | 42.798.564 | 32.435.000 | 27.134.157 |
| **74** | | **Трансфери и донации** | **16.722.000** | **22.054.824** | **32.601.600** | **16.709.868** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 16.722.000 | 22.054.824 | 32.601.600 | 16.709.868 |

Од табелата се забележува дека остварувањето на приходите споредено со 2013 година бележи намалување од 17,71% во вкупните приходи. Во внатрешната структура на приходи состојбата е различна, некои бележат зголемување, а некои бележат намалување.

Даночните приходи во група 71 бележат намалување за 4,69%, каде пак, приходите по основ на персонален данок бележат пораст за околу 8%, данок на имот на општината бележи пораст за 11,7%, додека приходите од даноци од специфични услуги, во кои се содржи надоместокот за уредување на градежно земјиште, бележат намалување за 22,5% во однос на 2013 година, а приходите од такси за користење или дозволи за вршење на дејност се намалени 15 пати (овде неможе да се искаже во проценти, бидејќи разликата е многу голема) .

Неданочните приходи, група 72, во однос на 2013 година исто така бележи намалување и тоа за 57,5%. Во овие приходи се содржи самопридонесот од месното население за изградба на фекалната канализација во реонот на Волково, кој во 2011 и 2012год. кога започна приклучувањето кон фекалната мрежа се зголеми, но во текот на 2013 година имаше периоди на стагнација.Во 2013 година почнаа да се склучуваат договори со странките каде уплатите како поединечни рати се намалија на 2.500,00 денари, а истовремено и рокот за наплата се продолжи за 12 месеци, а сето тоа се одрази во 2014 година.

Капиталните приходи во однос на минатата година бележат намалување за 57,5%.Тие се содржат од приходи од продажбата на државно земјиште, но и од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Планирањето и реализацијата на планот се гледаат од графичкиот приказ што следи, единствено поголемо отстапување има во даночните приходи:




Во графиконот што следи, се гледаат разликите во реализацијата на приходите по групи споредени со реализираните во 2013 година и она што беше погоре текстуално објаснето со проценти, графиконот го покажува со еден поглед, кои приходи се пораснати, а кои се намалени.Сликата покажува намалување на приходите во сите групи, но некаде повеќе, некаде помалку.




Во табелата што следи пак се прикажува структурното учество на реализираните приходи во текот на 2014 година по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 143.139.980 |
| Дотации | 156.149.707 |
| Самофинансирачки активности | 14.857.960 |
| Донации | 0 |
| Кредити | 15.896.393 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **330.044.040** |



Од ова може да се извлечат заклучоци дека во консолидираниот буџет за прв пат со најголем дел и тоа 47,31% учествуваат дотациите за основното образование и детската заштита - детски градинки, а потоа следи основниот буџет кој се формира од сопствени изворни приходи и капитални трансфери од централната власт со 43,37%; приходите од самофинансирачките активности на градинките и основните училишта учествуваат со 4,5%. Кредитот во структурата на Буџетот учествува со 4,82%.

Иако дотациите секоја година по малку се зголемуваат во однос на претходната, се уште не ги задоволуваат потребите на училиштата и градинките, посебно во делот на одржување на градежните објекти, како и во набавка на течни горива. Поради тоа, Општина Ѓорче Петров дополнително ги финансира овие надлежности.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на Општина Ѓорче Петров се планира согласно законските прописи и програмското планирање.Програмите пак, се утврдени согласно надлежностите. Во наредната табела ќе се задржиме на односот меѓу планираното и реализираното во основниот буџет на расход, споредбено со претходната 2013 година:

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2013 | | Основен буџет 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **222.329.550** | **173.963.449** | **231.241.600** | **140.211.928** |
| **40** | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **34.287.500** | **33.452.157** | **32.491.800** | **32.198.182** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 21.658.400 | 21.078.119 | 21.028.000 | 20.770.064 |
| | 402 | Придонеси од плати | 7.779.100 | 7.573.014 | 7.513.800 | 7.482.325 |
| | 404 | Надоместоци | 4.850.000 | 4.801.024 | 3.950.000 | 3.945.793 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **1.500.000** | **458.000** | **1.500.000** | **533.000** |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 | 200.000 |
| | 413 | Тековна резерва (разновидни расходи) | 500.000 | 458.000 | 500.000 | 333.000 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **111.908.350** | **83.314.841** | **107.431.800** | **73.234.670** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 780.000 | 512.133 | 576.000 | 331.761 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 32.883.600 | 29.511.276 | 32.692.800 | 23.090.255 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 5.146.800 | 4.131.304 | 4.646.000 | 3.421.717 |
| | 424 | Поправки и тековни одржувања | 29.906.000 | 24.019.119 | 30.930.000 | 22.938.416 |
| | 425 | Договорни услуги | 32.628.950 | 15.293.042 | 26.265.000 | 14.124.321 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 426 | Други тековни расходи | 7.797.000 | 7.083.712 | 7.942.000 | 5.180.086 |
| | 427 | Привремени вработувања | 2.766.000 | 2.764.225 | 4.380.000 | 4.148.114 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **179.000** | **178.077** | **260.000** | **259.689** |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 179.000 | 178.077 | 260.000 | 259.689 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **6.322.000** | **5.909.922** | **7.687.000** | **5.243.245** |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 2.563.000 | 2.292.592 | 1.410.000 | 1.167.560 |
| | 464 | Разни трансфери | 3.759.000 | 3.617.330 | 6.277.000 | 4.075.685 |
| **47** | | **Социјални бенефиции** | **622.000** | **622.000** | **400.000** | **398.000** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 622.000 | 622.000 | 400.000 | 398.000 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **67.510.700** | **50.028.452** | **81.471.000** | **28.345.142** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 2.960.000 | 2.872.078 | 2.360.000 | 1.782.026 |
| | 481 | Градежни објекти | 2.000.000 | 500.000 | 3.900.000 | 3.894.000 |
| | 482 | Други градежни објекти | 56.550.200 | 42.069.797 | 74.861.000 | 22.417.263 |
| | 483 | Купување мебел, | 60.000 | 55.500 | 100.000 | 30.228 |
| | 485 | Други нефинансиски средства | 2.620.000 | 1.463.438 | 250.000 | 221.625 |
| | 486 | Купување на возила | 3.320.500 | 3.067.639 | 0 | 0 |

Графиконот подолу, го прикажува наменското планирање и остварување на расходите. Линиите на планирано и реализирано се пратат. Тоа значи дека нема отстапување во наменски планираното, само има остварување на реализираното во однос на планираното, а тоа пак се движи во рамките на остварените приходи.Такви поголеми отстапувања има во делот на стоки и услуги, како и во капиталните расходи, каде планот е изразито поголем од реализацијата.Единствено линиите на планирано и реализирано се преклопуваат во делот на платите, каматите и социјалните надоместоци.

- Сината или повисоката линија го прикажува планираното.
- Црвената или пониската линија го прикажува реализираното-извршено.




Наредниот графикон ги прикажува реализираните расходи (извршено) споредени со претходната 2013 година.



Од овој графикон се гледа дека точките на црвената и сината линија во расходите за плати, резерви и субвенции и трансфери се преклопуваат, додека кај стоките и услугите и социјалните надоместоци се пониски во однос на 2013 година.Посебно во капиталните расходи има големо намалување во 2014 година, споредено со 2013 година. Покачување има во делот каматни плаќања, бидејќи каматата во однос на 2013 е поголема, која се пресметува на повлечен дел од кредитот , но сеуште износот е мал, па изгледа дека точките се поклопуваат.

Во следната табела како и во приходите прикажано е структурното учество на реализираните расходи по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 140.211.928 |
| Дотации | 156.149.707 |
| Самофинансирачки активности | 13.944.718 |
| Донации | 0 |
| Кредити | 15.896.393 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **326.202.746** |

Од табелата подолу се изведени и прикажани процентуалните учества на расходите по намени и истите ги следат и процентите на приходите.
Најголемо е учеството на расходите од дотациите и тоа 47,87%, потоа следи основниот буџет со 42,98%, кредитите со 4,87%, и најмало е учеството на самофинансирачките активности на градинката и основните училишта со 4,27%.



## 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства

Општината при изготвување на Завршната сметка на сите сметки со кои располага ( буџет, орган, самопридонес, дотации) изготвува и биланс на состојба каде се прикажуваат сите средства и извори на средства со кои располага општината.

Во книговодствената евиденција не се внесени градежни објекти кои се однесуваат на зградите каде што работи општинската администрација, бидејќи постапките за упис во катастар на недвижности се уште се во тек.Кога ќе се добијат имотните листови, тогаш ќе бидат воведени и во книговодствената евиденција.Единствен градежен објект кој се води е само саат кулата во реонскиот парк , која целосно е изградена со средства од донации, а вредноста и изнесува 3.270.736,00 денари.

Во делот на опрема ( мебел, возила и машини) општина Ѓорче Петров располага со **основни средства во вредност од :**

ревалоризирана набавна вредност - **22.306.296,00 ден.**

Во текот на 2014 година има новонабавени основни средства во вредност од 44.208,00 ден. и тоа еден таблет и од канцелариски мебел-столици, за дел од администрацијата. По пописот од минатата година има расходувано основни средства што се расипани и што се надвор од употреба, отстранети или отуѓени и тоа: неколку компјутери и едно товарно моторно возило.

Од 2011 година имаме и основни средства што се водат како други градби во износ од 27.048.773,00 ден., а се однесуваат на споменикот на револуционерот Ѓорче Петров и Споменикот на бранителите во с.Волково.

Покрај материјални, во книговодствената евиденција, се водат и нематеријални вложувања, како што се софтверски решенија и надоместок за одземен имот во вкупен износ од **307.366,00** денари.

**Ситен инвентар** ( канцелариски инвентар, алати, мобилни тел., знамиња и сл.) **2.506.309,00 ден.**
или новонабавени во 2014 г. во износ од 187.629,00 ден.Овој инвентар со ставање во употреба книговодствено се отпишува.

| | |
|---|---|
| **Побарувања од купувачи** | **69.246.508,00** |
| - закупнини, | 889.520,00 |
| - надоместок за уредување на градежно земјиште кој се плаќа на рати, | 1.002.869,00 |
| - надоместок за утврдување на правен статус на бесправно | |

изградени објекти кој се плаќа на рати 2.400.333,00
- обврска за данок на имот 64.909.666,00

Последната позиција ја добиваме од Извештајот кој градската даночна администрација го доставува до општината.Вкупно задолжување со салда од претходни години кое не е наплатено по основ на данок на имот и комуналната такса за фирмарина изнесува:

- за физички лица 19.782.848,00

( во 2013 година овој износ беше 25.067.069,00)

- за правни лица 2.654.281,00

( во 2013 година овој износ беше 1.989.227,00)

- за дополнителна стапка 15.369.956,00

( во 2013 година овој износ беше 14.116.635,00

---

Вкупни побарувања од данок на имот: 37.807.085,00

Комунална такса за истакнување на фирма (фирмарина) 27.102.581,00
( во 2013 година овој износ беше) 24.431.792,00

---

**Вкупно** **64.909.666,00 ден**.

Побарувањата по основ на **данок на имот** со пренесените салда од минати години и покрај присилните наплати се големи и изнесуваат 37.807.085,00 ден.Во овој облог има сеуште дупли решенија, односно еден исти имот се води на двајца или тројца сопственици, има обврзници кои не може да се пронајдат поради неточни адреси и кои многу тешко се откриваат.Апелите во јавните гласила, како и неколкукратните опомени испратени од градската даночна администрација придонесоа добар дел од граѓаните да се јавуваат за усогласување на податоците, но сеуште има обврзници кои не можат да се пронајдат (починати, отселени, продадени станови за кои новиот сопственик не се пријавил и друго). Поради тоа ваквите обврзници се водат во евиденцијата, а не може да се наплати побарувањето. Кон крајот на 2014 година Градот Скопје пушти повторно присилна наплата и тоа за 2009 и 2010 година од што се очекува добар дел од овие побарувања да се наплатат. Присилната наплата има и други ефекти, а тоа е дорасчистување на базата на податоци, но и навика на граѓаните обврската за данок на имот да ја плаќаат редовно и ажурно. Што се однесува пак, до комуналната такса за фирмарина, втора година како даночната администрација на Град Скопје, достави извештај според формулата за Заедничкиот фонд. Имено, 50 % од оваа такса претставува директен приход на Град Скопје. Останатите 50% влегуваат во Заедничкиот фонд, кој пак, се дели по формула помеѓу општините на градот Скопје. Критериуми кои се земени во формулата се: бројот на жители, површина на територијата на општината и број на населени места.Побарувањата се во вкупен износ од 27.102.581,00 ден. ( во 2013 беа 24.431.792,00 ден.), меѓутоа оваа година не добивме точен податок од градската даночна администрација за колкав износ е пуштена присилна наплата.

**Краткорочни обврски према добавувачи** **26.687.125,00 ден.**
Овде влегуваат обврски по основ на фактури за м.12/2014, а се стасани во текот на месец 01/2015 година.Покрај овие редовни комунални обврски, оваа година имаме пренесени обврски за фактури кои стасаа на крајот на годината кога веќе не бевме во можност да плаќаме, поради административно технички проблеми со трезорската канцеларија, но и поради недоволен прилив на средства на жиро сметката

**Обврски према вработени** , **членови на Совет** и **3.348.053,00 ден.**
договори за дело, како и обврски према државата по основ на даноци и придонеси за м. 12/2014) кои се исплатени во м.01/2015 .

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменски, капитални и блок дотации

Капиталните инвестиции кои се водат во вонбилансна евиденција, во текот на 2014 година се зголемени за 56.695.929 ( во 2013 се зголемиле за 64.979.334,00 ден.). Оваа вредност подетално е прикажана во Завршната сметка - Посебен дел. Кумулираната вредност на капиталните вложувања, со вложувањата и од претходните години, изнесува **528.192.997,00** денари. Овде влегува градба и набавка на опрема како што се водоводни и канализациони мрежи, инсталации на јавно осветлување, изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици, локални патишта, паркови, игралишта, урбана опрема и слично.

Што се однесува на блок дотациите, оваа година се реализираа во целост, но последната транша во месец Декември беше уплатена доцна и не можеше да се искористи. Иако и оваа година блок дотациите беа зголемени, сеуште не ги задоволуваат потребите, посебно во делот за одржување на објектите. Заради тоа општината прави напори и од други извори , посебно донации, да овозможи реконструкции на истите.

Што се однесува до колона кредит, треба да се потенцира дека во 2014 г. се искористија средствата од домашното задолжување, со тоа се заврши изградбата на сите планирани улици, но поради грејс периодот од три години сеуште општината нема обврски за враќање на главница.Оваа обврска почнува од 2015 година.

## 5. Преглед на трошењето на тековна буџетската резерва од програма Д0 - Градоначалник за 2014

**ПРЕГЛЕД**
**НА ТРОШЕЊЕТО НА БУЏЕТСКАТА РЕЗЕРВА**
**ОД ПРОГРАМА Д0-ГРАДОНАЧАЛНИК ЗА 2014 ГОДИНА**

| Р. бр. | решение број : дата : | Опис на намена | ИЗНОС: |
|---|---|---|---|
| 1. | 08-12/2 10.01.2014 | Средства за одржување на карате натпревар | 20.000 |
| 2. | 08-361/2 05.02.2014 | Средства за издавање на книга | 15.000 |
| 3. | 08-369/2 05.02.2014 | Средства за покривање на Трошоци за празник Св. Атанасиј | 10.000 |
| 4. | 08- 712/2 14.05.2014 | Средства за печатење на книга на ученик | 10.000 |
| 5. | 08-1240/2 16.05.2014 | Средства за учество на музички фестивал во Р.Србија | 10.000 |
| 6. | 08- 1559/2 16.05.2014 | Средства за делумно покривање на трошоци За градежни материјали на Црква Св.Илија | 10.000 |
| 7. | 08-1167/2 19.05.2014 | Средства помош за покривање трошоци за концерт | 10.000 |
| 8. | 08-1137/2 19.05.2014 | Средства за покривање на трошоци за кров на куќа | 30.000 |
| 9. | 08-974/2 19.05.2014 | Средства за погребални трошоци | 10.000 |
| 10. | 08- 1632/2 23.05.2014 | Средства за реализација на програма за еднакви можности | 6.000 |
| 11. | 08-986/2 28.05.2014 | Средства за покривање трошоци за камбанарија на црква Св.Спас Матка | 10.000 |
| 12. | 08-1787/2 03.06.2014 | Средства за Фестивал Гора фест | 10.000 |
| 13. | 08- 1751/2 10.07.2014 | Средства за учество на Илинденски марш | 10.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | 08-2439/2 29.07.2014 | Средства за помош на Црква Св.Архангел Гаврил | 10.000 |
| 15. | 08-3707/2 27.08.2014 | Средства за покривање на трошоци за празник Богородица | 15.000 |
| 16. | 08-3691/2 27.08.2014 | Средства за помош за потрага по изгубено дете | 10.000 |
| 17. | 08-3789/2 05.09.2014 | Средства за издавање монографија | 5.000 |
| 18. | 08-3883/2 17.09.2014 | Средства помош за лекување | 6.000 |
| 19. | 08-4382/2 22.10.2014 | Средства за учество на државен тениски турнир | 6.000 |
| 20. | 08-5076/2 12.12.2014 | Средства за покривање трошоци за издавање на ЦД за македонски народни песни | 10.000 |
| 21. | 08- 5173/2 17.12.2014 | Средства за погребални трошоци за починат член на семејство на вработен | 30.000 |
| 22. | 08-5235/2 24.12.2014 | Средства за работно ангажирање на наставник | 20.000 |
| 23. | 08-5235/2 24.12.2014 | Средства за работно ангажирање на наставник | 20.000 |
| 24. | 08-5235/2 24.12.2014 | Средства за работно ангажирање на наставник | 20.000 |
| 25. | 08-5235/2 24.12.2014 | Средства за работно ангажирање на наставник | 20.000 |
| | | **ВКУПНО:** | 333.000 |

**Бр. 08- 606/9**
**10.03.2015 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Гоце Петрески с.р.**